**NEIS – Национален епизотиолошки информациски систем**

Системот овозможува креирање и одржување на базите на податоци релевантни за следење на информациите за:

- Заразни болести кај животни
- Испитувања, вакцинации и третирање на животни
- Ендемски болести
- Банки на серуми

Базите на податоци се имплементирани на две нивоа:

- Национална база на епизотиолошки информации на централно ниво , во републичката ветеринарна управа на Македонија
- Локални бази на податоци во 16 ветеринарни станици низ републиката

За таа цел е овозможена комплетна автоматизација на процедурите за репликација на податоците од локалните бази во подрачните ветеринарни единици кон централната база , користејќе се со dial-up ISDN линии. Репликацијата на базите на податоци е автоматизирана и се изведува најчесто во ноќните часови , кога телефонскиот сообраќај е најмалку оптеретен.

Во овој систем е вклучен и генератор на извештаи кој овозможува изработка на различни извештаи , потребни за анализа , со можност за нивна заштита во одредена датотека односно експортирање во одреден формат како на пример: Word, Excel, HTML или пак нивно директно проследување во електронски облик со користење на електронска пошта.

Освен споменатиот начин на изработка на извештаи, во системот е интегриран и модул за графичка GIS презентација на одредени показатели, при што корисникот го бира географското подрачје за кое е заинтересиран, а модулот понатаму овозможува “филтрирање” на податоците према регионите односно избраните вредности на податоците од базата.

*Развојна SW платформа*

- Borland DELPHI
- Autodesk MAP
- Fast Report
- MS – Windows 2000 Server / Windows 2000 Pro.
- MS – SQL Server

*Крајни корисници*

- Републичка ветеринарна управа на Македонија во Скопје
- 16 ветеринарни станици низ Р. Македонија